# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 03/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), а во врска со член 5 став 1 точка 8 од Законот за платниот промет ("Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07), Советот на Народна банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
**за определување на износот на мало меѓубанкарско плаќање**
**(Службен весник на Република Македонија бр. 146/07)**

1. Со оваа одлука се определува износот на плаќањето кое е мало меѓубанкарско плаќање.
2. Под мало меѓубанкарско плаќање се подразбира плаќање чиј износ не надминува 1.000.000,00 денари и кое се порамнува со пренос на средства од еден кај друг носител на платниот промет.
3. Носителот на платниот промет е должен плаќањата кои не се мали меѓубанкарски плаќања, согласно со точка 2 од оваа одлука, да ги извршува единствено преку Системот за порамнување на Народна банка на Република Македонија.
4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2008 година.
5. Со денот на применувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за определување на износ на мало меѓубанкарско плаќање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 41/01 и 46/03).

О.бр.02-15/XI-4/2007
29 ноември 2007 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер
м-р **Петар Гошев,** с.р.